Врз основа на член 67 став (1) точка 2. потточка 2.2. и член 156 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 април 2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на Правила за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје**

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилата од точка 1 на оваа одлука да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 156 став (2) од Законот за енергетика* Операторот на електропреносниот систем изготвува и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува правила со кои ги уредуваат постапките за доделување на меѓузонскиот капацитет за да овозможи користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање при што особено ги зема предвид:

1.карактеристиките на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и пазарот за балансна енергија;

2. оперативните услови во електроенергетскиот систем и последиците при порамнување на потврдените распореди и

3. усогласеноста на процентните вредности доделени на различни временски рамки и временските рамки усвоени за различните механизми за доделување на меѓузонски капацитети кои се веќе воспоставени.

Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), со допис бр. 09-7016 од 15 декември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување Правила за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање заведен во архивата на Регуалторната комисија за енергетика под бр. 12-2372/1 од 19 декември 2025 година.

Регулаторната комисија на енергетика даде свои забелешки на предлог текстот и одржа состаноци со претставници на АД МЕПСО Скопје со цел појаснување на забелешките и нивно имплементирање во предлог-текстот на актот.

По усогласување на предлог текстот АД МЕПСО Скопје со допис бр. 05-2007 од 30 март 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-525/1 од 03 април 2026 година и со допис бр. 09-2498/1 од 28 април 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави текст на Правилата и Одлука на Управниот одбор бр. 02-2493/1 од 28 април 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-655/2 од 29 април 2026 година.

Правила за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје согласно решение за свикување на подготвителна седница бр.02-674/1 од 29 април 2026 година, беа предмет на расправа на подготвителна седница која се одржа на 30 април 2026 година.

На 30 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која ги разгледа и одобри Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО Скопје, кои што се во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-655/3**
**30 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:

- Правила за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање на АД МЕПСО-Скопје